МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО
ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

**III ГОДИНА**

## СООБРАЌАЈНА СТРУКА

**Техничар за патен сообраќај, транспорт и складирање**

Скопје,  мај 2001 година

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: Организација на патниот сообраќај

## 1.2. Образовен профил и струка на кои им припаѓа наставниот предмет

**1.2.1. Образовен профил:** Техничар за патен сообраќај, транспорт и складирање
**1.2.2. Струка:** Сообраќајна

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

**1.3.1.** Карактеристичен за образовниот профил

## 1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет : трета година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет

**1.5.1. Број на часови неделно:** 3 часа
**1.5.2. Број на часови годишно:** 108 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет : Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставата по организација на патниот сообраќај се ученикот:

- Да стекне основни знаења од областа на организацијата на патниот сообраќај;
- Да разбере како е поделен патниот сообраќај;
- Да истакне потреба од познавањето на карактеристиките на превозот на патници;
- Да го сфати поимот патник, превезен пат, сообраќајни линии, стојалишта, автобуски станици, мрежа и типови на линии итн;
- Да ја осознае важноста на превозните средства за јавен градски превоз;
- Да ја разберат технологијата на превозот на патниците;
- Да интегрира одредени начини на превоз на патниците;
- Да применува соодветна документација во превозот на патниците;
- Да ги знае тарифите и тарифните системи.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ НИВОА НА ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на содржините од овој наставен предмет, односно постигнување на поставените цели, потребни се предзнаења од предметот:

- Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ОСНОВНИ ПОИМИ И ПОДЕЛБИ ПРИ ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИ** | **4** | Ученикот:<br>- да ги знае основните поделби припревоз на патници;<br>- да ги дефинира превозните потреби според времето и целта на патувањето;<br>- да ги разликува видовите на патничкиот превоз со оглед на различноста на критериумите на поделбата. | Наставникот :<br>- ги дефинира превозните потреби и основните поделби при превозот на патниците. | - Безбедност и регулирање на патниот сообраќај-втора година |
| **2. ПАТНИКОТ КАКО ОБЈЕКТ НА ПРЕВОЗОТ** | **4** | - Да го дефинира поимот патник од аспецт на јавен превоз на патници и од правен акспект;<br>- да ги знае влијанијата на експлоатационите карактеристики на превозот на патниците;<br>- да го сфати значењето на превозната и економската способност на патникот. | - го објаснува поимот патник и влијанието на експлоатационите карактеристики како и значењето на превозната и економската способност на патникот. | - Безбедност и регулирање на патниот сообраќај-втора година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИ** | **8** | - Да го опише поимот за мобилност или подвижност на патникот (жителот) и од што зависи;<br>- да ја дефинира нерамномерноста на обемот на превозот;<br>- да знае да ја објасни нерамномерноста на обемот на превозот на патници;<br>-да ги дефинира коефициентот за замена на патниците за време на превозот, искористувањата на местата за возилото, просечната далечина на патување на еден патник и да ги дефинира брзините на превоз во патниот сообраќај. | - демонстрира примери за мобилност и наремномерност на обемот на превозот;<br>- ја дефинира наремномерност на обемот на превозот на патници, коефициентот за замена на патниците, искористувањето на места во возилото,просечната далечина и патувањето на еден патник и ја дефинира брзината на превоз во патниот сообраќај. | - Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |
| **4. ПРЕВОЗЕН ПАТ ПРИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ** | **14** | - да ги дефинира сооб. линии според:<br>- просторот;<br>- времето;<br>- средставата, потоа типовите и мрежите на сообраќајните линии;<br>- да знае што е тоа гравитационо подрачје, а што се гравитациони точки;<br>- да ги разликува автобуските станици од автобуските стојалишта, како и нивните карактеристики | - ги објаснува сооб.линии според просторот, времето и средствата, како и типовите и мрежите на сооб.линии;<br>-го дефинира гравитационото подрачје;<br>- ги објаснува автобуските стојалишта и автобуските станици. | - Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |
| **5. СРЕДСТВА ЗА ЈАВЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИТЕ** | **14** | - да ги препознава видовите и карактеристиките на превозните средства за јавен превоз на патниците;<br>-да ги опише почетоците на јавен | - ги објаснува сите видови и карактеристики на превозните средства за јавен превоз на патниците и поделбите на средствата | - Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | превоз во градовите;<br>- да ги знае поделбите на средствата за јавен превоз на патниците;<br>- да ги препознава другите видови на превозни средства во јавниот превоз на патниците како и можноста за нивниот развој во иднината;<br>- да може да изврши избор на превозните средства за јавниот градскипревоз. | за јавен превоз;<br>- ги запознава учениците со новите видови на превозни средства и начинот избор на превозните средстава за јавен градски превоз. | |
| **6. ЕЛЕМЕНТИ НА РАБОТА НА ВОЗИЛАТА НА ЛИНИЈАТА** | **12** | - Да знае што е обрт на линијата, интервал и фреквенција, капацитет на превозот, како се пресметува потребниот број на возила на линијата и превозната способност на линијата. | - Ги дефинира обртот на линијата, интервалот, фреквенцијата, капацитетот на возилото, капацитетот на превозот, бројот на возилата за работа на линијата и превозната способност на линијата. | - Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |
| **7. ВОЗНИ РЕДОВИ** | **14** | - Да ги идентификува поимите и значењето на возните редови;<br>- да знае да ги изработува графички и табеларно возните редови;<br>- да го сфати значењето за ускладување и регистрација на возните редови и реализацијата на возниот ред во градскиот, меѓуградскиот и меѓународниот сообраќај. | -Го објаснува значењето и поимот возен ред;<br>- демонстрира графичко и табеларни изработување на возните редови. | - Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8. ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИТЕ** | **6** | -Да го знае технолошкиот процесс на превоз на патниците, односно фазите на превозниот процесс на патниците. | -Го објаснува технолошкиот процесс на превозот на патници. | Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |
| **9. НАЧИНИ НА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИТЕ** | **16** | -Да го идентификува начинот на превоз на патниците и да ја сфати разликата помеѓу линискиот и слободниот превоз на патниците со нивните поделби;<br>- да ги сфати потсистемите при превоз на патниците;<br>- да ги дефиинира градскиот, меѓуградскиот и меѓународниот сообраќај. | -Ги дефинира начините на превоз на патниците. | Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |
| **10. ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИТЕ** | **6** | -Да ја разбере документацијата која е потребна за превоз на патниците и тоа посебно за документацијата поврзана со возилото, возниот персонал и патникот. | - ја демонстрира целокупната документација при превоз на патниците и го објаснува значењето на документацијата. | Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |
| **11. МЕРЕЊЕ НА РАБОТАТА ПРИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИТЕ** | **6** | -Да знае како се врши мерење на работата при превоз на патниците и кои коефициенти се употребуваат. | - Ги дефинира коефициентите со кои се пресметува работата при превоз на патниците. | Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |
| **12. ТАРИФИ, ТАРИФНИ СИСТЕМИ И СИСТЕМИ НА НАПЛАТА** | **4** | -Да го дефинира поимот тарифи;<br>-да знае како е поделен тарифниот систем;<br>-да ги знае системите на наплата при превозот на патниците. | -Го објаснува поимот за тарифи И поделбата на тарифниот систем;<br>-ги објаснува сите системи на наплата кои се применуваат при превозот на патниците. | Безбедност и регулирање на патниот сообраќај- втора година |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Во текот на воспитно - образовниот процес се применуваат следните наставни методи : фронтална, групна, демонстрација, дискусија, решавање на проблеми, активна демонстрација на учениците, гледање на видео снимки и друго.

Активности на ученикот :да слуша, набљудува, прибележува, применува односи и законитости во групи и независно и др.

Активностите на наставникот главно се: организира и раководи активна и индивидулна дејност кај учениците, објаснува, организира и води дискусија, дава инструкции , пишува на табла, демонстрира на табла, ги оценува задачите, поставува прашања, регистрира, оценува и ги анализира резултатите и др.

## 4.3. Организација и реализација на наставата по предметот

Процесот на учење и практичната обука по предметот Организација на патниот сообраќај треба да се иведува преку стручно - теоретска настава, да се создадат оптимални услови за индивидуализираната настава и работата во тимови како и проектни задачи и индивидуални домашни. Образовните активности се организирани според неделен распоред на часови во четири тромесечја и во две полугодија.

## 4.4. Наставни средства и помагала

- аудио - визуелни помагала;
- слајдови;
- илустрации;
- учебници и учебни помагала;
- дополнителна литература.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигањата на учениците се вреднуваат усно и преку изработка на домашни задачи. Доколку ученикот на постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува согласно законската регулативе за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет Организација на патниот сообраќај треба да ги поседува следните педагошки, персонални и професионални карактеристики: да е физички и психички здрав, да владее со македонскиот јазик и кирилското писмо, да е комуникативен и отворен за соработка, да е соодветно професионално образован со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа и да напредува во неа, да е добар организатор, да е креативен и способен за примена на иновации во образовната технологија.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по сообраќај VII - 1, насока патен сообраќај. Наставниците треба да поседуваат педагошка, психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

За успешно реализирање на целите на наставниот предмет Организација на патниот сообраќај наставата се реализира во специјализирани училници или кабинет за сообраќај, соодветно опремен со наставни средства и помагала, според нормативите за простор и опрема, во претпијатија чија основна или споредна дејност е проблематиката, од патниот сообраќај, транспорт и складирањето.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: март 2001 година

### 7.2. Состав на работната група:

1. Кирил Ристевски, дипл.инж., советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
2. Љупчо Постолов, дипл.инж., наставник во ДАСУ,, Боро Петрушевски" - Скопје
3. Д-р Иво Дукоски, дипл.инж., доцент на Технички факултет - Битола
4. Климе Алексов,дипл.инж., виш републички инспектор за патен сообраќај, Министерство за транспорт и врски - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување:** 01.09.2001 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по Организација на патниот сообраќај ја одобри (донесе): Министерот за образование и наука со решение бр. 11-3008/1 од 03.07.2001 година.